

**Нет.Бит**

**Датацентар**

Експертите вработени во **Нет.Бит** се обучени во спроведување и воведување на стандардите ISO9001, ISO14000, ISO20000, ISO27000, ISO22301, како и регулативите за заштита на лични податоци.

**Нет.Бит** изгради и одржува цврсти партнерства со водечки фирми во областа на ИТ и комуникациите: Cisco Systems, Hewlett-Packard, Motorola, Nokia-Siemens, Microsoft, McAfee и други.

Тимот на **Нет.Бит** применува најсовремени методологии како ITIL 3.0 и ISO20000.

Богато искуство во одредени индустрии, како што се финансиите и банкарството, телекомуникациите, издаваштвото, здравството.

**Нет.Бит** е цврсто поврзан во глобалниот бизнис. Нашите клиенти се распространети од Виетнам до Луксембург и од Латвија до Гана, што е сериозна потврда за нашиот квалитет и доверливост како деловен партнер.

# Проектирање и ревизија на информатички системи

Кај поголемите организации информатичката технологија (ИТ) претставува еден од најголемите расходи во буџетот - како во инвестиции (CAPEX), така и во оперативни трошоци (OPEX). Од друга страна, лошото планирање или менаџирање на системите може да доведе до зголемени трошоци, па дури и до прекин на работењето на организацијата.

Затоа нашите клиенти ги користат услугите на **Нет.Бит** при планирањето на нови системи, или при буџетирањето на трошоците за ИТ. Ангажирањето на надворешен, „свеж“ и компетентен поглед може да биде критичен фактор за успех во изборот на оптимални ИТ решенија, во изготвувањето на подолгорочни ИТ стратегии, или едноставно во намалувањето на трошоците за ИТ.

Преку услугите за проектирање и ревизија, нашите клиенти добиваат подобар увид во работењето на својот ИТ, нови идеи за подобрување на услугите, препораки за можни заштеди и за севкупна оптимизација на ИТ.

www.netbit.mk

CERTIFIED IQNet MANAGEMENT SYSTEM

Нет.Бит

Датацентар

### Пристап заснован на стандарди

Меѓународните стандарди за управување се појдовна точка при планирањето на ИТ. За да може ефективно да се планира и реализира ИТ во една организација, потребно е да се запазат и стандардите за квалитет, животна средина, безбедност, како и многу други фактори кои влијаат на конечниот дизајн на системите.

Нашите експерти се обучени во спроведување и воведување на стандардите ISO9001, ISO14000, ISO20000, ISO27000, ISO22301, како и регулативите за заштита на лични податоци.

### Водечки технологии

Познавањето на трендовите и индустриските стандарди е особено важно при планирањето на ИТ. Погрешна инвестиција во погрешен избор на решенија може да предизвика долгорочни негативни ефекти во работењето и дополнителни трошоци. Затоа при планирањето на ИТ од исклучителна важност е да се одбираат најсигурните и потврдени решенија, за да се постигне оптимална економичност и брз поврат на инвестициите во нови ИТ системи.

Преку партнерства со водечки фирми во областа на ИТ и комуникациите, во **Нет.Бит** редовно го следиме технолошкиот развој, иновации и трендови. Нашите инженери се сертифицирани од многу водечки компнаии како Cisco Systems, Hewlett-Packard, Motorola, Nokia-Siemens, Microsoft, McAfee, и други. Преку редовната соработка и следење на новините од овие партнери, секогаш сме во можност да понудиме најдобри и најсигурни решенија за нашите клиенти.

### ИТ услугите како основа за планирање и управување

При планирањето на ИТ, ги применуваме најсовремените методологии како што се ITIL 3.0 и ISO20000, и секогаш се поаѓа од ИТ услугите што деловната страна ги добива од ИТ. На тој начин се обезбедува прецизно алоцирање на потребниот квалитет на услугите, нивната цена, потребните човечки ресурси, итн. Ова се главните параметри кои на крајот го определуваат и вкупниот трошок во ИТ, како и квалитетот на добиените услуги од ИТ за остатокот од организацијата.

Нашето искуство во планирањето, реализацијата и испораката на информатички услуги е долгогодишно и практично потврдено преку услугите што ги даваме на нашите клиенти од **Нет.Бит Датацентар**.

### Индустриски вертикали

Во **Нет.Бит** имаме огромно искуство во одредени индустрии, како што се финансиите и банкарството, телекомуникациите, издаваштвото, здравството, и други области. Компаниите од тие области можат да бидат сигурни дека во нас ќе најдат сигурен деловен партнер кој ги разбира нивните потреби, трендовите во ИТ во нивната дејност и е во можност да понуди оптимални и современи решенија токму за нивната работа.

### Професионален и сертифициран тим

Сите вработени во Нет.Бит се факултетски образовани, со сертификации во областите за кои се специјализирани. Во моментов во **Нет.Бит** имаме околу 70 важечки сертификати за вработените од разни области - од технички сертификации за мрежи, сервери и оперативни системи, до консултантски сертификации за проектен менаџмент, спречување на перење на пари, или безбедност на лични податоци.

### Интернационални проекти

Од самите почетоци на фирмата, **Нет.Бит** тесно соработува со странски партнери на испорака на разни решенија кај домашни и меѓународни фирми и организации. Покрај тоа, нашите странски партнери не' ангажираат и кај свои клиенти на трети пазари, па така можеме со гордост да кажеме дека **Нет.Бит** е цврсто поврзан во глобалниот бизнис. Некои од нашите клиенти се распространети од Виетнам до Луксембург и од Латвија до Гана, што е уште една потврда за нашиот квалитет и доверливост како деловен партнер.

**Нет.Бит Доо** • бул. Партизански одреди 18А, 3. Кат, 1000 Скопје, Р. Македонија • Тел.: + 389 2 32 98 533
Email: contact@netbit.mk • **www.netbit.mk**